Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
O M B U D S M A N

ул. „Македонија“ бр. 19 1000, Скопје
тел./факс 023129335 023129359;
email: contact@ombudsman.mk

НП бр.**93/24**
31.05.2024 год.
Скопје

До
Фетах Јашаров
ул. „Скопска“ бр.5
Делчево

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитуван,

До Народниот правобранител доставивте претставка во која побаравте интервенција во постапката за остварување на правото на старосна пензија од Република Италија.

По проучување на наводите од претставката и приложените докази , Народниот правобранител го извести надлежниот Фонд и побара да се преземат мерки со цел испитување на наводите и образложение на причините за одолговлекување на постапката за остварување на Вашето право.

Од страна на Фондот на ПИО на РСМ добиени се информации дека и покрај доставените ургенции од страна на Фондот, од кои последната доставена на 12.02.2024 година, се уште не е доставен одговор од страна на италијанскиот носител на социјално осигурување.

Инаку, во контекст на истата проблематика, постапувајќи по барањето на Народниот правобранител во врска со повеќе забелешки за остварувањето на правото на пензија на поголем број на македонски граѓани кои својот работен век го поминале во Република Италија, Министерството за труд и социјална политика достави известување со бр.09-4/2024 од 12.02.2024 година, за превземените мерки во однос на ова прашање, меѓу кои и за одржаната средба помеѓу министерката за труд и социјална политика г-ѓа Гордана Тренчевска и амбасадорот на Република Италија во земјата, на која било разговарано за проблемите кои се појавуваат околу практичната примена на старата конвенција за социјално осигурување, при што е потврдена потребата од воспоставување на комуникација меѓу претставниците на органите со цел решавање на барањата за остварување на правата од пензиското осигурување.

Со оглед на добиените податоци од Фондот во однос на Вашиот предмет, а имајќи ги предвид информациите добиени од Министерството дека по одржаниот состанок помеѓу претставници на органите за врска на двете држави бил разменет список на спорни досиеа, со цел нивна соодветна проверка и разрешување, во контекст на Вашата претставката и заштита на правата Народниот правобранител ја продолжи постапката по вашата претставка со обраќање до Министерството за труд и социјална политика. Приота, од Министерството побара да се преземат мерки заради утврдување дали во списокот на спорни досиеја е евидентирано и Вашето досие и дали е постигнат компромис помеѓу двете надлежни страни за конечно решавање на проблемот.

Постапувајќи по барањето на Народниот правобранител, надлежното Министерство со допис од 07.05.2024 година, извести дека заради обезбедување на соодвтени информации во однос на Вашиот проблем се обратиле до Фондот на ПИОМ на РСМ, од каде е добиено известување дека се уште не е доставен одговор за оставрување на правото на пензија од Италија и покрај доставените ургенции, како и дека на ден 30.04.2024 година е пратена 4-та по ред писмена ургенција до италијанскиот орган.

Имајќи ги предвид одговорите на органите и превземените дејствија во правец на надминување на проблемите на кои укажавте Вие како и други граѓани, Ве известуваме дека постапката по конкретниот предметот во моментот се запира, при што ве известуваме дека Народниот правобранител наведениот проблем со кој се соочуваат македонските граѓани кои работеле во Република Италија ќе продолжи да го следи и согласно надлежностите повторно ќе го актуелизира со постапување преку обраќање до надлежните министерства со цел преземање на мерки и дејствија за надминување на проблемот за остварување на правата од пензиската област на граѓаните кои својот работен век го поминале во Република Италија.

Изработил: Албина Исмаили

ДРЖАВЕН СОВЕТНИК
м-р Васка Б-Мустафа